| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Здравјето треба да се чува |
| **Содржина на денот** | „Весел триаголник“ |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Утринска гимнастика<br>Вежби за правилно дишење и издишување<br>Усвојување нови навики на безбедно поздравување на растојание со другарчињата. |
| **Активности** | Децата се запознаваат со триаголникот и триаголната форма преку разговор, посочување примери и игра. Во домот или во паркот можете со детето да ја играте играта „Весел тиаголник“ со креди во боја цртате „Воз со вагони“ и во секој вагон цртате по една геометриска форма(круг, квадрат, триаголник и правоаголник). Детето застанува на секој од вагоните и ги именува и опишува формите, притоа воочува и посочува предмети, објекти и играчки со триаголна форма во непосредната околина. Доколку детето пројави интерес можете да му дадете креди и тоа само да нацрта „Големи и мали триаголници“. Преку игрите со логички плочки каде детето треба да ги издвои триаголниците од останатите форми , се утврдуваат претходно стекнатите знаења за триаголната форма. На крајот од активноста можете да ја прочитате приказната за „ Волкот и трите прасиња“ а потоа децата на бел лист ги цртаат со дрвени боички „Куќичките на трите прасиња“ каде покривите на куќичките ги цртаат со триаголна форма. |